ДЗР

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ВКУПЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ СО СПЕЦИФИКАЦИЈА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ ВО ИЗБОРНА КАМПАЊА И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ НА КОАЛИЦИЈА "НАЈДОБРОТО ЗА МОЈАТА ОПШТИНА" ПРЕДВОДЕНА ОД СДСМ ЗА ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2021 ГОДИНА, ЗА ОПШТИНИТЕ ДЕМИР ХИСАР, ИЛИНДЕН, МОГИЛА, ЧАШКА

01 2022 04 41

**Скопје, февруари 2023 година**

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 – 22 |
| Вкупен финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборна кампања | 23 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештај | |
| - Вовед | 24 - 27 |
| - Сметководствени политики | 27 - 31 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 31 - 33 |

**КОАЛИЦИЈА "НАЈДОБРОТО ЗА МОЈАТА ОПШТИНА" ПРЕДВОДЕНА ОД СДСМ, ЗА ОПШТИНИТЕ ДЕМИР ХИСАР, ИЛИНДЕН, МОГИЛА, ЧАШКА КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

Кратенки користени во извештајот:

**Коалиција "НАЈДОБРОТО ЗА МОЈАТА ОПШТИНА" предводена од СДСМ –** Коалиција "НАЈДОБРОТО ЗА МОЈАТА ОПШТИНА" - СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА - СДСМ, Нова Социјалдемократска партија - НСДП, Демократски сојуз на Власите од Македонија - ДСВМ, ПАРТИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ - ПП, Социјалдемократска Унија-СДУ, Демократски сојуз - ДС, Политичка партија Достоинство - ППД, Партија за економски промени 21 - ПЕП 21, Партија за општествен и економски напредок - ПОЕН, Партија за Европска Иднина - ПЕИ, Партија за движење на Турците во Македонија - ПДТ, Обединети за Македонија - ОМ, Сојуз на Ромите од Македонија, Странка на демократска акција на Македонија, Партија за демократски просперитет на Ромите - ПДПР, Нова алтернатива - НА ПАРТИЈА ЗА ЦЕЛОСНА ЕМАНЦИПАЦИЈА НА РОМИТЕ ОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - ПЦЕР од Република Северна Македонија, Демократска Партија на Турците од Македонија - ДПТ, Обединета Партија за еднаквост на Ромите - ОПЕР, за Локални избори 2021, за општините Демир Хисар, Илинден, Могила, Чашка
ДИК - Државната изборна комисија
ОИК - Општински изборни комисии
ИК на ГС - Изборни комисии на Град Скопје
ААВМУ – Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
ДКСК-Државна комисија за спречување на корупција
ЕДБ – Единствен даночен број
Финансиски извештај - вкупен финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборна кампања

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:** 13-80/35
**Дата:** 21.02.2023

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Извршивме ревизија на Вкупниот финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборната кампања, заедно со ревизија на усогласеност на сметката на Коалиција "НАЈДОБРОТО ЗА МОЈАТА ОПШТИНА" предводена од СДСМ, за општините Демир Хисар, Илинден, Могила, Чашка, за периодот од 10.09.2021 до 23.12.2021 година.

За финансискиот извештај на сметката на Коалиција "НАЈДОБРОТО ЗА МОЈАТА ОПШТИНА" предводена од СДСМ, за општините Демир Хисар, Илинден, Могила, Чашка, изразивме мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај, како и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Во делот на нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ја обелоденивме состојбата која се однесува на структурата на изворите на финансирање на изборната кампања на Коалиција "НАЈДОБРОТО ЗА МОЈАТА ОПШТИНА" предводена од СДСМ, согласно која изборната кампања се финансира од средства од Буџетот на Република Северна Македонија, согласно која 68% од вкупните средства за изборната кампања се исплатени од Буџетот на Република Северна Македонија за платено политичко рекламирање.

Во делот на Останати прашања, утврдивме системски слабости за кои е потребно дополнително уредување на Изборниот законик и тоа:

- потреба од преиспитување на член 83 став 2 од Изборниот законик во делот на финансирањето на изборната кампања со средства од редовната сметка на политичката партија, како и допрецизирање на наведениот член во делот на финансирање на изборниот процес од донации од политичка партија, во однос на поединечните и вкупните лимити на средства финансирани/донирани од физички и правни лица;
- доуредување на член 76-д од Изборниот законик со пропишување на мерливи критериуми во делот на обезбедување и распределба на средствата од

Буџетот на Република Северна Македонија наменети за платено политичко рекламирање;

- доуредување на Изборниот законик во начинот на изготвување на единствената листа на учесници во изборите што ја изготвува ДИК во случај на постоење на повеќе коалиции како посебни правни лица чиј носител е една политичка партија со цел следење на изборното медиумско претставување на радиодифузерите, електронски медиуми (интернет портали) и печатени медиуми;
- да се уреди начинот на кој донаторите ќе докажат/потврдат дека не се „поврзани лица„ со радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) при финансирање или давање донации на политичките партии;
- регулирање на одредбите од член 85 од Изборниот законик, во делот на начинот на постапување за случаите кога во Вкупниот финансиски извештај се прикажани вишок на собрани средства на сметката за изборна кампања, како и неплатени обврски;
- пропишување на одредби со кои ќе се уреди дали може коалиција или политичка партија да поддржи независен кандидат - група избирачи и да ги користи доделените средства за платено политичко рекламирање за независниот кандидат - група избирачи, доколку може во кои услови и на кој начин и дали при таквата поддршка истиот има право да ги користи и средствата што му следуваат како независен кандидат;
- пропишување на обврска за доставување на извештај за искористените рекламни паноа и билборди од страна на општините во Република Северна Македонија и градот Скопје;
- определување надлежен орган за следење и известување за изборното медиумско претставување на електронските медиуми (интернет портали);
- да се дополнат член 76-д став 11 од Изборниот закони и да се предвиди воспоставување на интероперабилен систем за размена и контрола на податоци за активност на банерите во кои ќе бидат вклучени сите засегнати страни;
- уредување на начинот на организирање, плаќање, следење и известување до надлежните органи за интернет претставувањето кое го вршат учесниците во изборната кампања преку социјалните мрежи;
- да се доуредат условите и критериумите кои е потребно да ги исполнат електронските медиуми за да имаат можност да аплицираат за политичко рекламирање во ДИК;
- да се пропишат јасни и прецизни критериуми за распределба на буџетските средства наменети за платено политичко рекламирање на електронските медиуми (интернет портали);

- да се преиспита утврдениот краен рок за уплата на донации, односно потребно е да се утврди донациите да се уплатуваат најдоцна до денот на завршување на изборната кампања;
- доуредување на член 84-б, став 8 од Изборниот законик со кој ќе се даде можност Министерство за финансии со подзаконски акт да го уреди начинот на водење на деловните книги и подготвување на финансиските/финансискиот извештај за изборната кампања почитувајќи ги сите видови/извори на финансирање на изборната кампања кога не секогаш истите предизвикуваат паричен прилив на трансакциската сметка;
- доуредување на Изборниот законик со што во делот на Казни и прекршочни одредби ќе бидат предвидени глоби и за електронските медиуми (електронските портали) во случај за недоставување на Извештајот за рекламниот простор искористен од секој учесник во изборната кампања и средствата кои се платени и се побаруваат по таа основа;
- одредување на орган за спроведување на обуки поврзани со обврските за финансиско известување, со што ќе се придонесе за подобрување на транспарентноста за навремено информирање на јавноста за финансирањето на изборната кампања;
- номотехничко уредување на Изборниот законик поради тоа што одредени точки на одредени членови немаат следственост и во исто време во самите одредби на одредени членови има погрешно повикување и
- Собранието на Република Северна Македонија да ја задолжи Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Изборниот законик и истиот терминолошки да го усогласи со уставот и со правниот систем.

Надлежните институции потребно е да преземат активности за надминување на утврдените системски слабости.

Од страна на одговорното лице на субјектот, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на Вкупниот финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборната кампања, заедно со ревизија на усогласеност на сметката на Коалиција "НАЈДОБРОТО ЗА МОЈАТА ОПШТИНА" предводена од СДСМ, за општините Демир Хисар, Илинден, Могила, Чашка, за периодот од 10.09.2021-23.12.2021 година, кој се состои од финансиски извештај за приходите и расходите за периодот и преглед на значајни политики и објаснувачки белешки кон финансискиот извештај.

1.2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија ниту сме издале било каков извештај за финансискиот извештај за сметката на Коалиција "НАЈДОБРОТО ЗА МОЈАТА ОПШТИНА" предводена од СДСМ,, поради тоа што сметката е отворена за еден изборен процес.

1.4. Финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е одговорност на Коалиција "НАЈДОБРОТО ЗА МОЈАТА ОПШТИНА" предводена од СДСМ, за општините Демир Хисар, Илинден, Могила, Чашка, застапувана од:

- Бранко Георгиевски, овластено лице.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансискиот извештај којшто е ослободен од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Овластеното лице е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансискиот извештај се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и

воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на овластеното лице на учесникот во изборната кампања, како и оценка на севкупното презентирање на финансискиот извештај. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансискиот извештај е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај земен како целина е ослободен од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансискиот извештај е изготвен, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансискиот извештај и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансискиот извештај е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансискиот извештај се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансискиот извештај кој е предмет на овој извештај е составен според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 15.06.2022 до 16.09.2022 година и од 01.10.2022 до 20.10.2022 година, од тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Татјана Димитровска, помошник на главниот државен ревизор и овластен државен ревизор;
- Зоран Богоевски, самостоен ревизор и овластен државен ревизор и
- м-р Надица Доневски, виш ревизор.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со овластеното лице на учесникот во изборната кампања, одржан на ден 24.11.2022 година.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештај

Според наше мислење, финансискиот извештај на сметката на Коалиција “НАЈДОБРОТО ЗА МОЈАТА ОПШТИНА” предводена од СДСМ, за општините Демир Хисар, Илинден, Могила, Чашка, за периодот од 10.09.2021 до 23.12.2021 година, го претставува вистинито и објективно во сите материјални аспекти резултатот на финансиските активности, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансискиот извештај на трошоците за приходите и расходите на Коалиција “НАЈДОБРОТО ЗА МОЈАТА ОПШТИНА” предводена од СДСМ, за општините Демир Хисар, Илинден, Могила, Чашка, за периодот од 10.09.2021 до 23.12.2021 година, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

5.1. Согласно член 83 став 2 од Изборниот законик изборната кампања може да се финансира од средства од редовната сметка на политичката партија, членарина на политичката партија, донации на политичка партија, физички лица во висина од 3.000 евра во денарска противвредност, правни лица во висина од 30.000 евра во денарска противвредност и кредити на политичката партија наменети за изборна кампања.

За исполнување на законските обврски на радиодифузерите, печатените медиуми и електронски медиуми (портали) во делот на објавувањето на платено политичко рекламирање, во изборниот процес, согласно член 76-д од изборниот законик, финансиските средства се обезбедуваат од средствата на Буџетот на Република Северна Македонија, а се исплаќаат од страна на Државната изборна комисија.

Истакнуваме дека со донесувањето на Законот за финансирање на политичките партии[1] во 2004 година, вкупните средства за годишно финансирање на политичките партии беа утврдени во висина од 0,06% од вкупните изворни приходи на Буџетот на Република Северна Македонија, додека со Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките парии[2] од 2018 година истите се зголемени на 0,15% од изворните приходи на Буџетот на Република Северна Македонија. Поради епидемијата со COVID 19, во јуни 2020 година со Уредбата со Законска сила за финансирање на политичките партии[3] процентот од изворните приходи е намален на 0,04%, за да во декември 2020 со Законот за изменување на Законот за финансирање на политичките парии[4] процентот за финансирање на политичките партии за 2020 и 2021 година е утврден во висина од 0,105% од изворни приходи на Буџетот на Република Северна Македонија.

Од извршената анализа на вкупните извори на финансирање за Изборната кампања за Коалиција "НАЈДОБРОТО ЗА МОЈАТА ОПШТИНА" предводена од СДСМ, за општините општините Демир Хисар, Илинден, Могила, Чашка, содржани во Вкупниот извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите на трансакциската сметка за изборната кампања, ревизијата утврди дека 68% од средствата за изборната кампања се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија, додека 32% се обезбедени од донации од физички и правни лица од сметката за редовно работење и средства пренесени од редовната сметка, прикажано на следниот графикон:

[1] „Службен весник на Република Македонија" број 76/04
[2] „Службен весник на Република Македонија" број 140/18
[3] „Службен весник на Република Северна Македонија" број 166/20
[4] „Службен весник на Република Северна Македонија" број 294/20




## 6. Останати прашања

### Финансирање на изборната кампања

6.1. Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик во 2020 година[5], во член 83 став 2 уредено е дека изборната кампања може да се финансира, меѓу другите извори и од средства од редовната сметка на политичката партија. Имајќи ја предвид оваа одредба, укажуваме дека дадена е законска можност, средствата добиени од Буџетот на Република Северна Македонија за финансирање на редовното работење на политичките партии да се прелеваат како финансиски средства со кои ќе се покриваат трошоци на учесниците во изборните кампањи, што ќе доведе до финансирање на изборната кампања со средства од Буџетот на Република Северна Македонија во повисок износ од утврдениот во Буџетот на Република Северна Македонија за секој поединечен изборен процес.

Имајќи го во предвид наведеното ревизијата смета дека потребно е да се преиспита член 83 став 2 од Изборниот законик во делот на финансирање на изборната кампања со средства од редовната сметка на политичката партија.

[5] „Службен весник на Република Северна Македонија" број 42/20

Исто така укажуваме дека уредувањето на изворите на финансирање на изборната кампања не даваат јасно разграничување од причина што средствата од членарина и средствата од донации на политичка партија исто така се средства од редовната сметка на политичката партија.

Имено, согласно член 13 од Законот за финансирање на политичките партии, донациите претставуваат приватни извори на финансирање на политичките партии, додека во член 16 од наведениот закон е уреден износот на поединечната донација и тоа:

- физички лица до висина од 30 просечни нето плати во Републиката и
- правни лица во висина од 60 просечни плати во Републиката,

исплатени во претходниот месец и објавени од Државниот завод за статистика, кој износ не смее да биде кумулиран повеќе од еднаш годишно.

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик од 16.02.2020 година, во член 83 став 2 уредено е дека изборната кампања може да се финансира и од:

- донации на политичка партија,
- физички лица во висина од 3.000 евра во денарска противвредност и
- правни лица во висина од 30.000 евра во денарска противвредност.

Ревизијата укажува дека во услови на дадена законска можност за финансирање на изборната сметка со донации на политичката партија потребно е допрецизирање на член 83 од Изборниот законик, во делот на финансирање на изборниот процес од донации од политичка партија, во однос на поединечните и вкупните лимити на средства.

6.2. Со донесување на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик од 15.09.2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија број 215/21") се изврши измена на член 76-д став 5 со која се утврди висината на вкупните средствата кои ќе се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија за платеното политичко рекламирање и нивната распределба по одделните учесници во изборната кампања, *кои не смеат да ја надминат сумата од 2 (две) евра во денарска противвредност без пресметан ДДВ, по запишан избирач од вкупно запишани избирачи на територијата на Република Северна Македонија, а за локални избори дополнително по 1 (едно) евро во денарска противвредност без пресметан ДДВ по запишан избирач на територијата на општината каде се одржува втор круг на гласање и за претседателски избори доколку има втор круг дополнително по 1 (едно) евро во денарска противвредност без пресметан ДДВ по запишан избирач од вкупно запишани избирачи на територијата на Република Северна Македонија.*

Во однос на критериумите кои ќе се применуваат при распределба на овие средства по одделните учесници во изборната кампања, утврдена е распределба на вкупните средства по претходен писмен договор на следниов начин:

- најмногу 45% од средствата може да искористат двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови;
- најмногу 45% од средствата може да искористат двете најголеми политички партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови;
- најмногу 7% од средствата може да искористат политичките партии во Собранието на Република Македонија кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група и
- најмногу 3% од средствата може да искористат политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија или кандидати.

Ревизијата смета дека потребно е да се доуреди член 76-д став 5 и тоа во делот на:

- распределбата на вкупните средства за платено политичко рекламирање според принципот 45%, 45%, 7% и 3% не обезбедува објективни критериуми за распределба на јавните средства, давајќи значителна предност на најголемите парламентарни партии, притоа ограничувајќи ги можностите на останатите партии и независните кандидати да ги претставаат своите програми на радиодифузерите, електронските и печатените медиуми;
- одредбата за склучување на претходен писмен договор помеѓу учесниците во изборната кампања создава можност распределбата на средствата за платено политичко рекламирање да се врши на различен начин и % помеѓу политичките партии во позиција/опозиција,/политичките партии во Собранието на Република Северна Македонија кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група/политичките партии кои не се застапени во Собранието или кандидати, без притоа да постои јасно утврдени мерливи критериуми за распределба на овие средства и
- во пропишаниот начин на утврдување на вкупните средства за локалните избори, кои не смеат да ја надминат сумата од 2 (две) евра во денарска противвредност без пресметан ДДВ, по запишан избирач од вкупно запишани избирачи на територијата на Република Северна Македонија, а за локални избори **дополнително по 1 (едно) евро во денарска противвредност без пресметан ДДВ по запишан избирач на територијата на општината каде се одржува втор круг на гласање,** отсуствува утврдување на јасни критериуми дали дополнителни средства за втор круг од локалните избори ќе се обезбедат од вкупно запишани избирачи на територијата на општините во кои се одржува втор круг на гласање, независно од тоа дали учесниците во изборниот процес настапуваат со свои кандидати во општините каде се одржува втор круг на гласање.

Имајќи го во предвид наведеното, потребно е надлежните органи да преземат активности за доуредување на одредбите на член 76-д од Изборниот законик во делот на обезбедување и распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија наменети за платено политичко рекламирање.

6.3. Согласно одредбите од глава V - Кандидирање од Изборниот законик, право да поднесат листа на кандидати за членови на совет, односно листа на кандидат за градоначалник имаат регистрираните политички партии самостојно, коалиции во која може да учествуваат само регистрирани политички партии, како и група избирачи. Називот на листата се означува според името на подносителот на листата и истата е потпишана лично од овластен претставник на подносителот на листата.

ДИК со ждрепка го утврдува редоследот на листите на кандидати и тој е ист во сите изборни единици, односно општини.

Листите на кандидати предложени од коалиција предводена од една иста политичка партија, без разлика на бројот на политичките партии во коалицијата во различни општини, односно изборни единици, имаат ист реден број во сите општини, односно во сите изборни единици.

Со цел заедничко учествување во изборната кампања на локалните избори 2021 година, двете најголеми политички партии од позиција и опозиција имаат склучено 11 (единаесет) односно 7 (седум) договори за настапување како коалиција на Изборите на градоначалници и членовите на Совет на општините, односно градот Скопје, со регистрирани политички партии кои договори го содржат името на коалицијата како и општините во кои ќе настапуваат заедно.

**Медиумско претставување на радиодифузери**

Учесниците во изборната кампања како нарачатели на услуги и радиодифузерите склучуваат договор за платено политичко рекламирање, со кои се уредуваат периодот и цената на рекламирањето и вредност на услугата.

Учесникот во изборната кампања кај радиодифузерите е должен да достави медиа план за платено политичко рекламирање.

Врз основа на медиа планот, радиодифузерот емитува платено политичко рекламирање за што до АААВМУ доставува Извештај за реализирана услуги.

АААВМУ како надлежен орган за следење на изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите за време на изборната кампања, има обврска по спроведениот мониторинг на програмата и проверка на податоците доставени од радиодифузерите да го потврди

Извештајот за реализирани услуги на радиодифузерите, односно ги потврдува податоците за вкупното времетраење на платеното политичко рекламирање.

Постапката на потврдување на извештаите за реализирани услуги е уредена со Упатство[6] и Методологија[7] донесени од АААВМУ, согласно кои радиодифузерите се должни во текот на изборната кампања да ја информираат АААВМУ за склучените договори за платено политичко рекламирање со учесниците во изборниот процес, да достават примерок од медиа плановите за емитување на платено политичко рекламирање и по потреба да достават и снимки од програмата. Исто така, за локални избори, потребно е сите радиодифузери што ги следат изборите да обезбедат избалансираност во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите, како и за избор на членови на советите на општините и на Градот Скопје, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно на Градот Скопје.

Договорот, медиа планот од учесникот во изборната кампања и Извештајот за реализирани услуги изготвен од радиодифузерите, потврдениот извештај од АААВМУ и фактурата од страна на радиодифузерите се доставуваат до ДИК за исплата на трошоците за објавеното платено политичко рекламирање.

Постапката на исплата на средствата се врши согласно склучени договори помеѓу учесниците во изборната кампања и Договори за асигнација[8] помеѓу учесникот во кампањата (асигнант), ДИК (асигнат) и радиодифузерите (асигнатор), со кои учесникот во изборната кампања ја овластува ДИК во негово име да им исплати на радиодифузерите, определен паричен износ на средства врз основа на горенаведената документација.

Од спроведеното интервју со одговорните лица од АААВМУ во врска со начинот на следење на изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите за Локалните избори 2021 година, ревизорите добија информација дека АААВМУ согласно доставените податоци од единствената листа на учесници во изборите што ја изготвува ДИК врши внес на името на субјектот, односно учесникот во изборната кампања. Вака означени спотовите

---

[6] Упатство за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање број 01-2544/1 од 15.06.2020 година

[7] Методологија за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси број 01-2543/1 од 15.06.2020 година

[8] Член 1059 од Законот за облигационите односи „Со упатување (асигнација) едно лице, упатувач (асигнат) овластува друго лице, упатеник, (асигнант), за негова сметка да изврши нешто за определено трето лице, примач на упатување (асигнатор), а него го овластува да го прими тоа извршување од свое име"

се емитуваат и на програмите на медиумите за да можат гласачите да ги поврзат учесниците во изборите со гласачкото ливче.
АААВМУ не располага со податоци за вкупното времетраење во секунди на платеното политичко рекламирање на секоја од коалициите одделно кои двете најголеми политички партии од позицијата и опозицијата ги имаат формирано за Локалните избори 2021 година. Имено, поради тоа што на единствената листа на учесници во изборите што ја изготвува ДИК името на подносителот на листата е само политичката партија носител на коалицијата и коалицијата, а на програмите на медиумите рекламирањето не е означено одделно по коалиција. АААВМУ врши регистрирање на податоците на радиодифузерите според начинот на нивно презентирање/емитување.

Со извршениот увид во расположливата документацијата (медиа план изготвен од учесникот во изборната кампања, извештај за реализирани услуги од радиодифузерот и фактура) за покривање на трошоците за платено политичко рекламирање за изборното медиумско претставување на радиодифузерите, утврдивме различен начин на постапување во однос на критериумите за распределба на јавните финансиски средства кои може да ги користи секоја коалиција одделно, што создава можност нарачателот на услугата/политичката партија носител на коалицијата да има дискреционо право за распределба на вкупното времетраење на платеното политичко рекламирање емитувано за време на изборната кампања, за секоја коалиција одделно. Исто така, со извршената анализа и споредба на податоците искажани во фактурата, извештајот за реализирани услуги од радиодифузерите и медиа планот за секоја коалиција одделно, констатиравме дека истите се усогласени/идентични со податоците презентирани во Извештајот за емитуваното платено политичко рекламирање за време на изборната кампања изготвен од АААВМУ.

**Медиумско претставување на електронски медиуми (интернет портали) и печатени медиуми**

Учесниците во изборната кампања како нарачатели на услуги и печатените медиуми и електронските медиуми (интернет портали), склучуваат договор за платено политичко рекламирање, со кои се уредуваат периодот и цената на рекламирањето и вредност на услугата. Учесникот во изборната кампања кај печатените медиуми и електронските медиуми (интернет портали) е должен да достави медиа план за платено политичко рекламирање.

Извештајот за реализирани услуги од електронските и печатените медиуми потребно е да содржи примерок од секоја објава со јасно видлив и читлив датум за секој ден од периодот за кој е закупен рекламниот простор во печатениот медиум, примерок (принт скрин) од секој објавен банер со јасно видлив и читлив

датум, за секој ден од периодот за кој е закупен рекламниот простор на електронскиот медиум (интернет портал) кој нуди закуп на фиксен банер и примерок (принт скрин) од секој објавен банер со јасно видлив и читлив датум, како и писмени изјави за реализирани импресии за секој ден од периодот за кој е закупен рекламниот простор на електронскиот медиум (интернет портал) кој нуди закуп на рекламен простор врз основа на импресии.

Со измените и дополнувањата на Изборниот законик од 30.07.2018 година извршено е менување на член 76-в со кој за електронските медиуми (интернет портали) наместо Агенцијата, ДИК добива надлежности во делот на следење и известување за изборното медиумско претставување на електронските медиуми (интернет портали), како и покренување на прекршочни постапки против истите во случај на непостапување по законикот. Со измените и дополнувањата на Изборниот законик од февруари 2019 година и февруари 2020 година, сите горенаведени активности кои треба да ги спроведува ДИК во однос на надзорот на интернет порталите се бришат, без определување на институција надлежна за следење и надзор на изборното медиумско претставување преку интернет порталите.

Печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите), Извештајот за реализирани услуги, фактурата и примерок од објавите се должни да ги достават до учесникот во изборната кампања, а потоа до ДИК.

Со извршениот увид во расположливата документацијата (медиа план изготвен од учесникот во изборната кампања, извештај за реализирани услуги од електронските и печатени медиуми и фактура) за покривање на трошоците во платено политичко рекламирање за изборното медиумско претставување, утврдивме различен начин на постапување во однос на критериумите за распределба на јавните финансиски средства кои може да ги користи секоја коалиција одделно, што создава можност нарачателот на услугата/политичката партија носител на коалицијата да има дискреционо право за распределба на медиумското претставување за време на изборната кампања, за секоја коалиција одделно.

Имајќи го во предвид наведеното, ревизијата препорачува доуредување на Изборниот законик во начинот на изготвување на единствената листа на учесници во изборите што ја изготвува ДИК во случај на постоење на повеќе коалиции како посебни правни лица чиј носител е една политичка партија со цел следење на изборното медиумско претставување на радиодифузерите, електронски медиуми (интернет портали) и печатени медиуми и ефикасна контрола при исплата на направените трошоци за платено политичко рекламирање на секоја коалиција одделно.

6.4. Во член 75 став 5 од Изборниот законик е пропишано дека *„радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите), како и нивните поврзани лица не смеат на било каков начин да финансираат или да даваат донации на политичките партии"*. Како поврзани лица се сметаат лицата дефинирани во членот 36 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Дефинираниот опфат на поврзани лица го отежнува нивното препознавање во случај кога истите ќе се јават како донатори во изборна кампања.

Поради наведеното ревизијата смета дека е потребно во Изборниот законик да се уреди начинот на кој донаторите ќе докажат/потврдат дека не се „поврзани лица„ со радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) при финансирање или давање донации на политичките партии.

6.5. Во член 85 став 5 од Изборниот законик уреден е начинот на постапување на група избирачи како учесници во изборна кампања, во случаи кога постои вишок на собрани средства на сметката за изборна кампања, за кои е предвидено да се подарат во добротворни цели.

Ревизијата смета дека постои потреба од законско регулирање на одредбите од член 85 од Изборниот законик, во делот на начинот на постапување за случаите кога во Вкупниот финансиски извештај се прикажани:

- вишок на собрани средства, кога како учесник во изборната кампања не се јавува само група на избирачи, туку и политичка партија или коалиција, со што ќе се обезбеди еднакво постапување за сите учесници во изборната кампања дефинирани во член 2 став 1 точка 14 од Изборниот законик и
- неплатени обврски, во насока на пропишување на одредба со која ќе се уреди дека учесникот во изборната кампања може да преземе обврски само во рамки на обезбедените средства, имајќи го притоа во предвид член 71, став 10 од Изборниот законик, во кој е уредено дека сите трошоци за кампањата исклучиво ќе се покријат од средствата на сметката за изборна кампања.
-

6.6. За Изборот за членови на советите на општините и советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и градоначалник на Градот Скопје 2021 година, Советот на АААВМУ со цел обезбедување прецизни правила за дозволеното времетраење на платеното политичко рекламирање на реален час емитувана програма има донесено Упатство[9] со кое е уредено дека *„подносителите на листи кои јавно декларираат поддршка на кандидати од група избирачи за општините и Градот Скопје, а во кои немаат свои кандидати, можат дел од*

[9] Упатство за платено политичко рекламирање за локалните избори за 2021 број 01-3487/1 од 24.09.2021

*своето закупено време за платено политичко рекламирање да користат за рекламирање на овие кандидати, притоа јасно означувајќи дека тие се нарачатели на рекламирањето, а не кандидатите кои ги поддржуваат".*

Со извршената анализа на одредбите од Изборниот законик ревизијата констатира дека со истиот не е пропишана обврска за донесување на наведеното упатство од страна на АААВМУ, а со тоа и уредување на работи поврзани со изборните активности надвор од законот.

Имајќи го во предвид наведеното, ревизијата смета дека е потребно да се преземат мерки за доуредување на Изборниот законик и тоа во делот дали може коалиција или политичка партија да поддржи независен кандидат - група избирачи и да ги користи доделените средства за платено политичко рекламирање за независниот кандидат - група избирачи, доколку може во кои услови и на кој начин и дали при таквата поддршка истиот има право да ги користи и средствата што му следуваат како независен кандидат.

Исто така потребно е во Изборниот законик да се утврдат одредби со кои јасно ќе се определи дали и за кои надлежности АААВМУ има право да донесува подзаконски акти кои се однесуваат на регулирањето на изборниот процес вклучително и платеното политичко рекламирање притоа имајќи предвид дека со подзаконски акти не може да се доделуваат права и/или да се наметнуваат обврски кои не се предвидени со закон.

**Рекламни паноа и билборди**

6.7. Во Конечните извештаи за извршените ревизии на Вкупниот финансиски извештај за приходите и расходите на сметките на учесниците во изборната кампања во минати години, овластениот државен ревизор ја истакна состојбата со закупот на рекламни паноа и билборди, како платено политичко рекламирање на учесниците во изборната кампања и потребата за изготвување и доставување на извештаи за искористените рекламни паноа и билборди и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа, од страна на правните лица кои стопанисуваат со рекламните паноа и билборди, општините во Републиката и градот Скопје.

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик во февруари 2020 година, („Службен весник на Република Северна Македонија" број 42/2020) извршено е дополнување на член 78-а, став 8, каде е уредено дека правните лица кои стопанисуваат со рекламните паноа и билборди се должни да поднесат извештај за доделените локации за секој учесник во изборната кампања, средствата кои се побаруваат од секој учесник како и средствата кои се наплатени, но не е пропишана наведената обврска и за општините во Република Северна Македонија и градот Скопје да изготват и достават извештај за искористените рекламни паноа и билборди и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа, поради што отежнато е

потврдувањето на исплатените средства за закуп на рекламни паноа и билборди.

За надминување на утврдената состојба односно за зголемување на транспарентноста на вкупното и поединечното политичко рекламирање на учесниците во изборната кампања, потребно е надлежните органи да преземат активности за доуредување на одредбите од Изборниот законик во делот на пропишување на обврската за доставување на извештај за искористените рекламни паноа и билборди од страна на општините во Република Северна Македонија и градот Скопје.

**Следење на медиумско претставување на учесниците во изборна кампања на електронските медиуми (интернет портали)**

6.8. Со измените и дополнувањата на Изборниот законик од 30.07.2018 година извршено е менување на член 76-в со кој за електронските медиуми (интернет портали) наместо Агенцијата, ДИК добива надлежности во делот на следење и известување за изборното медиумско претставување на електронските медиуми (интернет портали), како и покренување на прекршочни постапки против истите во случај на непостапување по законикот.

Со измените и дополнувањата на Изборниот законик од февруари 2019 година и февруари 2020 година, сите горенаведени активности кои треба да ги спроведува ДИК во однос на надзорот на интернет порталите се бришат, без определување на институција надлежна за следење и надзор на изборното медиумско претставување преку интернет порталите.

Истакнуваме дека останата е законската обврска електронски медиуми (интернет портали) да се регистрираат во Регистарот на електронски медиуми (интернет портали) кои обезбедуваат платено политичко рекламирање за учесниците во изборната кампања, кој го води ДИК, да доставуваат ценовници и Извештај за рекламниот простор искористен од секој од учесниците во изборната кампања и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа.

Наведената состојба упатува на потреба во Изборниот законик да се определи надлежен орган за следење и известување за изборното медиумско претставување на електронските медиуми (интернет портали).

6.9. Согласно одредбите на член 76-д став 11 од Изборниот законик, уредено е дека за закуп на рекламен простор на електронски медиуми потребно е доказ за застапеност на банерот на електронскиот медиум односно примерок (принт скрин) од објавениот банер со јасно видлив и читлив датум, како и писмени изјави за реализирани импресии за секој ден од периодот за кој е закупен рекламниот простор на електронскиот медиум.

Истакнуваме дека со приложување на примерок (принт скрин) од секој објавен

банер и писмените изјави за реализирани импресии не се обезбедува доволен и веродостоен доказ за реално потврдување на периодот на рекламирање и количината на реализирани импресии во дадениот период, имајќи ја во предвид можноста електронските медиуми (порталите) самостојно да го менуваат датумот на објава на банерите (фиксни и импресии). Исто така, прилог писмените изјави за реализирани импресии за секој ден од периодот за кој е закупен рекламниот простор на електронскиот медиум (интернет портал) не претставуваат сигурен доказ со кои би се потврдил бројот на реализирани импресии во услови кога не е уредена законска обврска за користење на софтвер кој ќе има техничка можност за собирање на метрички и статистички податоци за активност на банерите.

Имајќи го во предвид наведеното ревизијата смета дека е потребно да се дополнат одредбите од Изборниот законик и да се определи надлежна институција за воспоставување на интероперабилен систем за размена и контрола на податоци за активност на банерите во кои ќе бидат вклучени сите засегнати страни.

6.10. Во член 69-а од Изборниот законик е уредено дека за изборна кампања се смета јавно собирање и други јавни настани организирани од страна на учесникот во изборната кампања, јавно истакнување на плакати, видео презентации на јавни места, изборно медиумско и интернет претставување, дистрибуирање на печатени материјали и јавно претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи и нивните програми.

Истакнуваме дека за интернет претставувањето кое учесниците во изборната кампања го вршат преку социјалните мрежи не е уреден начинот на организирање, плаќање, следење и известување до надлежните органи за овој вид на изборно претставување.

6.11. Електронските медиуми (интернет портали) согласно Изборниот законик се форма на платено политичко рекламирање кои овозможуваат директен пристап на учесниците во изборната кампања до избирачите, преку кои за паричен надоместок од Буџетот на Република Северна Македонија се промовираат изборните програми, ставови и кандидати.

Согласно одредбите на наведениот закон, вкупната сума[10] која еден учесник може да ја потроши за медиумско претставување на сите електронски медиуми печатени медиуми, не може да опфаќа повеќе од 25% од распределените финансиските средства за платено политичко рекламирање.

Ревизијата истакнува дека во Република Северна Македонија не постои

[10] За изборната кампања Локални избори 2021 година, од средствата од Буџетот на Република Северна Македонија исплатени се средства во вкупен износ од 57.516 илјади денари, што претставува 25% од вкупно распределените средства од буџетот – Извор - ДКСК

законско решение со кое се пропишуваат основните начела и услови што треба да бидат исполнети од страна на интернет порталите за вршење на дејноста.

Исто така со одредбите на Изборниот законик не се утврдени критериуми и услови за квалификација на статусот на интернет медиумите да вршат рекламирање (период на работење како правно лице, сопственичка структура или формат на медиум).

Имајќи во предвид дека интернет порталите претставуваат доминанта форма за рекламирање на учесниците во изборната кампања, како и дека за истите се алоцираат значителен износ на државни средства, ревизијата смета дека е потребно во Изборниот законик да се доуредат условите и критериумите кои е потребно да ги исполнат електронските медиуми за да имаат можност да користат средства за политичко рекламирање од Буџетот на Република Северна Македонија.

6.12. Со член 76-д, точка 6 од Изборниот законик уредено е дека сумата која може да се исплати на еден електронски медиум (интернет портал) и печатени медиуми од еден учесник во изборниот процес, не може да биде поголема од 15.000 (петнаесет) илјади евра во денарска противвредност без вклучен ДДВ.

Ревизијата укажува дека со ваквото законско решение се овозможува едно правно лице со повеќе интернет портали да добие онолку максимални суми колку што има портали.

Имајќи го во предвид наведеното, ревизијата е на мислење дека е потребно законски да се пропишат јасни и прецизни критериуми за распределба на буџетските средства наменети за платено политичко рекламирање на електронските медиуми (интернет портали).

**Рок за уплата на донации**

6.13. Во Конечните извештаи за извршените ревизии на Вкупниот финансиски извештај за приходите и расходите на сметките на учесниците во изборната кампања во минати години, овластениот државен ревизор ја истакнуваше потребата од преиспитување на крајниот рок за уплата на донации за финансирање на изборната кампања кој согласно член 71 став 6 од Изборниот законик е предвиден до денот на затворање на трансакциската сметка.

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик од 16.09.2021 година, во член 14 извршена е измена на член 71 став 11 од Изборниот законик со што се менува рокот за затворање на трансакциската сметка односно истиот е определен на 45 дена наместо претходно утврдените 60 дена.

Истакнуваме дека и покрај намалувањето на рокот на затворање на трансакциската сметка и понатаму оставена е можноста за уплата на донации и по објавување на конечноста на резултатите од изборната кампања.

Исто така Извештај со образец за примените донации на трансакциската сметка за финансирање на изборната кампања, кој учесникот во изборната кампања е должен согласно член 84-б став 3 од Изборниот законик да го достави до надлежните институции еден ден по завршување на изборната кампања, не ги содржи сите уплатените донации односно донациите за период од 45 дена и тоа од денот на објавувањето на конечните резултати до денот на затварање на сметката.

Имајќи ги предвид наведените состојбите ревизијата смета дека во Изборниот законик потребно е да се преиспита вака утврдениот краен рок за уплата на донации односно потребно е да се утврди донациите да се уплатуваат најдоцна до денот на завршување на изборната кампања.

**Финансиски извештаи**

6.14. Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик во февруари 2020 година, („Службен весник на Република Северна Македонија" број 42/2020) извршено е дополнување на член 84-б со став 8, каде е уредено дека .....„*Финансиските извештаи на учесникот во изборната кампања е должен да ги изготви според одредбите на Законот за сметководството за непрофитните организации„....*

Истакнуваме дека во член 17 од Законот за сметководството за непрофитните организации е уредено дека непрофитните организации се должни да состават основни финансиски извештаи и тоа: биланс на состојбата, биланс на приходи и расходи и белешки кон финансиските извештаи.

Имајќи предвид дека во член 85 став 1 од Изборниот законик е уредено дека „*Учесникот во изборната кампања е должен ......... да поднесе Вкупен финансиски извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите во изборната кампања„*, ревизија смета дека потребно е да се изврши доуредување на член 84-б, став 8 од Изборниот законик со кој ќе се даде можност Министерството за финансии со подзаконски акт да го уреди начинот на водење на деловните книги и подготвување на финансиските / финансискиот извештај за изборната кампања почитувајќи ги сите видови / извори на финансирање на изборната кампања кога не секогаш истите предизвикуваат паричен прилив на трансакциската сметка.

Исто така во однос на именувањето на финансискиот извештај „Вкупен финансиски извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите во изборната кампања„ потребно е во називот да се усогласи терминот „трошоци" со Законот за сметководството на непрофитните организации.

**Казни и прекршочни одредби**

6.15.Во член 189-а од Изборниот законик предвидена е глоба во износ од 4.000 евра

во денарска противвредност за радиодифузерот или печатениот медиум и глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност на одговорниот уредник, кој нема да поднесе извештај за рекламниот простор искористен од секој учесник во изборната кампања и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа, најдоцна 15 дена по денот на завршувањето на изборната кампања предвидено во член 85-а од Изборниот законик. Од причина што прекршочни казни се предвидени само за радиодифузери и печатени медиуми, а не и електронските медиуми (електронските портали) кои исто така имаат обврска за доставување на наведениот извештај, ревизијата е на мислење дека е потребно доуредување на Изборниот законик со што и електронските медиуми (електронските портали) ќе бидат опфатни во делот на Казни и прекршочни одредби.

**Други прашања**

6.16. Системот на финансиско известување за време на изборна кампања е уреден со одредбите на член 84-б и 85 од Изборниот законик, согласно кои учесниците во изборниот процес имаат обврска во различен временски период од изборната кампања до надлежните институции ДИК, ДЗР, ДКСК, Собрание на Република Северна Македонија, советот на општините и советот на Градот Скопје да доставуваат извештаи за остварени приходи од сите извори, примени донации, извештај со спецификација на трошоци и вкупен финансиски извештај. Со извршената анализа на искажаните податоци во извештаите утврдивме дека постои различно презентирање на исти податоци, од причина што пополнувањето на наведените извештаи го вршат лица кои не се доволно запознаени со обврските за известување, се доставуваат извештаи со сите податоци за приходите и расходите со кои се располага во моментот, а не оние што се бараат.

Имајќи го во предвид наведеното, ревизијата констатира дека со Изборниот законик не е предвиден орган/институција надлежна за организирање и спроведување на обуки со цел запознавање на учесниците во изборната кампања за нивните обврски и начинот на презентирање на податоците, поради што е потребно доуредување на Изборниот законик во делот на одредување на орган за спроведување на обуки поврзани со обврските за финансиско известување, со што ќе се придонесе за подобрување на транспарентноста за навремено информирање на јавноста за финансирањето на изборната кампања.

6.17. Ревизијата укажува на потреба од техничко уредување на Изборниот законик поради тоа што одредени точки на одредени членови немаат следственост и во исто време во самите одредби на одредени членови има погрешно повикување.

6.18. Правната рамка со која се уредува начинот, условите и постапката за избор на претседател на Република Северна Македонија, за избор на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје, за избор на градоначалник на општина и градоначалник на градот Скопје, начинот и постапката на евидентирање на избирачкото право, водење на Избирачкиот список, определување на границите на изборните единици и утврдувањето, менувањето и објавувањето на избирачките места, како и условите за функционирање на избирачките места, се темели на Изборниот законик.

Со извршениот увид во наведените законски акти ревизијата констатира дека до периодот на известување од извршената ревизија истиот е повеќе пати менуван и дополнуван и не постои пречистен текст.

Ревизијата смета дека е потребно Собранието на Република Северна Македонија да ја задолжи Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Изборниот законик и истиот терминолошки да го усогласи со уставот и со правниот систем.

**Коалиција "НАЈДОБРОТО ЗА МОЈАТА ОПШТИНА", предводена од СДСМ Локални избори 2021 со ЕМБС 7527349**

**Финансиски извештај за приходи и расходи за период од 10.09.2021 до 23.12.2021**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 10.09.2021-23.12.2021 |
|---|---|---|
| **Приходи** | **3.1** | |
| Приходи од Буџетот на РСМ за платено политичко рекламирање | **3.1.1** | 1.095 |
| Приходи од сметката за редовно работење | **3.1.2** | 505 |
| **Вкупно приходи** | | **1.600** |
| **Расходи од донации и расходи од останати приходи** | **3.2** | |
| Други материјални трошоци | **3.2.1** | 26 |
| Потрошена електрична енергија | **3.2.2** | 21 |
| Расходи за транспорт | **3.2.3** | 80 |
| Издатоци за реклама и пропаганда | **3.2.4** | 214 |
| Изнајмување на простор за време на изборна кампања | **3.2.5** | 98 |
| Рсходи за одржување на предизборни собири | **3.2.6** | 60 |
| Провизии за платен промет и надоместоци за банкарски услуги | **3.2.7** | 5 |
| Пренесени парични средства на основната трансакциска сметка на политичката партија од трансакциската сметка за изборна кампања | **3.2.8** | 1 |
| **Вкупно расходи** | | **505** |

Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи

## 1. ВОВЕД

Врз основ на Решение од Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија бр. 09 – 3732/1 од 06 август 2021 година беа распишани избори за членови на советите на општините и советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и градоначалник на градот Скопје согласно која е предвидено да се одржат на 17 октомври 2021 година.

Согласно Ревидиран роковник за извршување на изборните дејствија за спроведување на избори за членови на советите на општините и советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и градоначалник на градот Скопје [1], Јавниот увид во Избирачкиот список започнува на 21 август и завршува на 9 октомври, 24:00 часот. Листите на кандидат/и потребно е да се достават до 11 септември до 24:00 часот (член 66 став(4)). Изборната кампања за првиот круг на гласање започнува во 00:00 часот на 27 септември 2021 година и трае до 24:00 часот. Во случај на втор круг, изборната кампања завршува на 24:00 часот на 29 октомври, а изборниот ден ќе биде на 31 октомври .

Согласно Ревидиран роковник за извршување на изборните дејствија за спроведување на избори за членови на советите на општините и советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и градоначалник на градот Скопје [2], Јавниот увид во Избирачкиот список започнува на 21 август и завршува на 9 октомври, 24:00 часот. Листите на кандидат/и потребно е да се достават до 11 септември до 24:00 часот (член 66 став(4)). Изборната кампања за првиот круг на гласање започнува во 00:00 часот на 27 септември 2021 година и трае до 24:00 часот. Во случај на втор круг, изборната кампања завршува на 24:00 часот на 29 октомври, а изборниот ден ќе биде на 31 октомври .

Според одредбите од членовите 60, 62, 63, 64, 65, 66 и член 67 од Изборниот законик, а согласно Роковникот на ДИК за извршување на изборните дејствија за спроведување на Локалните избори 2021, бр. 11-1537/1 од 06.08.2021 година, од страна на ОИК односно ИКГС беа потврдени:

- 574 листи на кандидати за членови на советите на општините и членови на советот на градот Скопје, со вкупно 10.658 кандидати за советници. Од нив, за членови на советот на градот Скопје беа потврдени 15 листи на кандидати, со вкупно 675 кандидати за советници. За членови на советите на 80-те општини во Република Северна Македонија беа поднесени 559 листи на кандидати со вкупно 9.983 кандидати за советници.
- 297 листи на кандидат за градоначалник на општините и градоначалник на градот Скопје, со вкупно 297 кандидати за градоначалници. Од нив, за градоначалник на градот Скопје беа потврдени 12 листи на кандидати. За градоначалници на 80-те општини во Република Северна Македонија беа поднесени 285 листи на кандидати.

[1] број 11-1537/3 од 17.09.2021 година
[2] број 11-1537/3 од 17.09.2021 година

Првиот круг од изборите се одржа на ден 17.10.2021 година.
Вториот круг од изборите се одржа на ден 31.10.2021 година.

На ден 23.10.2021 година, Државната изборна комисија донесе Заклучок за известување за конечноста на резултати од гласањето на избор на членови на совет на општините и на Град Скопје и градоначалници на општините и Градоначалник на Град Скопје, одржани на 17.10.2021 година, за соодветните општини бр.08-3062/1 23.10.2021 година и на ден 26.10.2021 година донесен е Заклучок за дополна на Заклучок за известување за конечноста на резултати од гласањето на избор на членови на совет на општините и на Град Скопје и градоначалници на општините и Градоначалник на Град Скопје, одржани на 17.10.2021 година, за соодветните општини бр.08-3062/2 од 26.10.2021 година.

По завршување на вториот круг од страна на Државна изборна комисија на ден 03.11.2021 година донесе Заклучок за известување за конечноста на резултати од гласањето на избор на членови на совет на општините и на Град Скопје и градоначалници на општините и Градоначалник на Град Скопје,по одржан втор изборен круг на ден 31.10.2021 година за соодветните општини бр.08-3062/4 од 03.11.2021 година, Дополна на Заклучок за известување за конечноста на резултати од гласањето на избор на членови на совет на општините и на Град Скопје и градоначалници на општините и Градоначалник на Град Скопје, по одржано прегласување во прв круг од ден 31.10.2021 година, за соодветните општини бр.08-3062/3 од 05.11.2021 година, Дополна на Заклучок за известување за конечноста на резултати од гласањето на избор на членови на совет на општините и на Град Скопје и градоначалници на општините и Градоначалник на Град Скопје, по одржано прегласување во прв круг од ден 31.10.2021 година, за соодветните општини бр.08-3062/5 од 03.11.2021 година и Дополна на Заклучок за известување за конечноста на резултати од гласањето на избор на членови на совет на општините и на Град Скопје и градоначалници на општините и Градоначалник на Град Скопје, по одржано прегласување во прв круг од ден 31.10.2021 година, за соодветните општини бр.08-3062/6 од 09.11.2021 година.

Во Централниот Регистар на Рерпублика Северна Македонија на ден 09.09.2021 година, по Решение со деловоден број 30120210016063 извршен е упис на деловен субјект со назив **Коалиција "НАЈДОБРОТО ЗА МОЈАТА ОПШТИНА" - СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА - СДСМ,** Нова Социјалдемократска партија - НСДП, Демократски сојуз на Власите од Македонија - ДСВМ, ПАРТИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ - ПП, Социјалдемократска Унија-СДУ, Демократски сојуз - ДС, Политичка партија Достоинство - ППД, Партија за економски промени 21 - ПЕП 21, Партија за општествен и економски напредок - ПОЕН, Партија за Европска Иднина - ПЕИ, Партија за движење на Турците во Македонија - ПДТ, Обединети за Македонија - ОМ, Сојуз на Ромите од Македонија,

Странка на демократска акција на Македонија, Партија за демократски просперитет на Ромите - ПДПР, Нова алтернатива - НА ПАРТИЈА ЗА ЦЕЛОСНА ЕМАНЦИПАЦИЈА НА РОМИТЕ ОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - ПЦЕР од Република Северна Македонија, Демократска Партија на Турците од Македонија - ДПТ, Обединета Партија за еднаквост на Ромите - ОПЕР, за Локални избори 2021, за општините Демир Хисар, Илинден, Могила, Чашка.
На ден 10.09.2021 година отворена е денарска трансакциска сметка со број 300000004685524 во Комерцијална банка АД Скопје, со ЕМБС е 7527349 и ЕДБ 4080021600383.

Овластено лице за претставување на учесникот во изборната кампања пред надлежните изборни органи и за располагање со средствата на трансакциската сметка за изборна кампања 2021 година е:

- Бранко Георгиевски, овластено лице.

**Коалиција "НАЈДОБРОТО ЗА МОЈАТА ОПШТИНА" - СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА - СДСМ,** Нова Социјалдемократска партија - НСДП, Демократски сојуз на Власите од Македонија - ДСВМ, ПАРТИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ - ПП, Социјалдемократска Унија-СДУ, Демократски сојуз - ДС, Политичка партија Достоинство - ППД, Партија за економски промени 21 - ПЕП 21, Партија за општествен и економски напредок - ПОЕН, Партија за Европска Иднина - ПЕИ, Партија за движење на Турците во Македонија - ПДТ, Обединети за Македонија - ОМ, Сојуз на Ромите од Македонија, Странка на демократска акција на Македонија, Партија за демократски просперитет на Ромите - ПДПР, Нова алтернатива - НА ПАРТИЈА ЗА ЦЕЛОСНА ЕМАНЦИПАЦИЈА НА РОМИТЕ ОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - ПЦЕР од Република Северна Македонија, Демократска Партија на Турците од Македонија - ДПТ, Обединета Партија за еднаквост на Ромите - ОПЕР, за Локални избори 2021, за општините Демир Хисар, Илинден, Могила, Чашка, ги има доставено следниве извештаи до Државна изборна комисија, Државен завод за ревизија и Државна комисија за спречување на корупција, а вкупниот финансиски извештај и до Собрание на Република Северна Македонија и тоа:

- Извештај за примените донации на трансакциската сметка за финансирање на изборната кампања од денот на отворање на трансакциската сметка до крајот на десеттиот ден од изборната кампања за период од 10.09.2021 до 06.10.2021 година, доставен на ден 07.10.2021 година до ДЗР, ДКСК и ДИК;
- Извештај за примени донации на трансакциска сметка за финансирање на изборна кампања од единаесеттиот ден од изборната кампања до завршувањето на изборната кампања во првиот круг на гласање, за период од 07.10.2021 до 15.10.2021, доставен на ден 16.10.2021 до ДИК, до ДЗР и ДКСК.
- Извештај со образец за примени донации на трансакциска сметка од почетокот на изборната кампања во втор круг на гласање до завршување на

изборната кампања во втор круг на гласање за период од 18.10.2021 година до 29.10.2021 година доставен до ДЗР, на 30.10.2021 година;
- Извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите на трансакциската сметка за изборна кампања од денот на отворање на трансакциската сметка до завршување на првиот круг на гласање за период од 10.09.2021 до 15.10.2021 година, доставен на ден 04.11.2021 година до ДЗР, ДИК и ДКСК;
- Извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите на трансакциската сметка за изборна кампања (од денот по завршување на првиот круг на гласање до завршување на вториот круг на гласање, за период од 16.10.2021 година до 31.10.2021 година, доставен до ДЗР, ДИК и ДКСК на ден 17.11.2021 година;
- Вкупен финансиски извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите во изборната кампања за период од 10.09.2021 до 23.12.2021 година доставен до ДИК, ДЗР, ДКСК на ден 12.01.2021 година и
- Вкупен финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборна кампања од денот на отворање до денот на затворање на трансакциската сметка на трансациската изборна кампања за период од 10.09.2021 до 23.12.2021 е доставен до Советот на Општините Демир Хисар, Илинден, Могила, Чашка и Советот на Град Скопје и до Собрание на Република Северна Македонија на ден 11.01.2022.

На ден 24.12.2021 година затворена е денарска трансакциска сметка со број 300000004685524 во Комерцијална банка АД Скопје, со ЕДБ 4080021600383.

На ден 02.02.2022 година во Централен регистар на Република Северна Македонија е извршено бришење на правниот субјект со ЕМБС 7527349, со Решение дел.бр.30120220000433.

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### Отворање и затворање на сметката

2.1. Заради прибирање на средства за финансирање на изборната кампања, политичката партија, коалиција, носителот на независна листа од група избирачи, односно лица кои имаат намера да се кандидираат, пред надлежниот орган задолжително обезбедуваат ЕДБ со назнака „за изборна кампања“ и кај носител на платен промет во Република Северна Македонија отвораат трансакциона сметка со назнака „за изборна кампања“ и истите не може да се користат за друга намена.

2.2. Политичката партија, коалиција, носителот на независна листа од група избирачи, односно лица кои имаат намера да се кандидираат се должни да

обезбедат ЕДБ и да ја отворат трансакционата сметка најдоцна 48 часа по потврдувањето на листата за кандидати, а најрано 48 часа по распишувањето на изборите и во тој рок од 48 часа доказот за обезбеден ЕДБ и отворената трансакциона сметка се доставува до надлежната изборна комисија.

2.3. На трансакциската сметка ќе се депонираат сите средства добиени од правни или физички лица за финансирање на изборната кампања.

2.4. Донациите во пари и паричните средства за финансирање на изборната кампања се уплатуваат на трансакциската сметка од најдоцна до денот на затворање на истата. На трансакциската сметка можат да се пренесуваат и парични средства од основната трансакциска сметка на политичката партија, како и од трансакциска сметка за парични средства обезбедени преку кредит за изборна кампања. Политичката партија може да врши пренос од транскациската сметка на основната трансакциска сметка на политичката партија.

2.5. Сите средства наменети за финансирање на изборната кампања се уплатуваат на трансакциската сметка и сите трошоци за кампањата исклучиво ќе се покријат од средствата на таа сметка.

2.6. Трансакциската сметка се затвара во рок од 45 дена од денот на објавување на конечните изборни резултатаи од одржаните избори за Локалните избори 2021 година.

2.7. Изборната кампања може да се финансира од:
- средства од редовната сметка на политичката партија,
- членарина на политичката партија,
- донации на политичка партија,
- физички лица во висина од 3.000 евра во денарска противвредност,
- правни лица во висина од 30.000 евра во денарска противвредност и
- кредити на политичката партија наменети за изборна кампања.

2.8. Изборната кампања не смее да се финансира од:
- средства од буџетите на општините и градот Скопје, освен ако со Изборниот законик не е поинаку определено,
- средства од јавни претпријатија и јавни установи, средства од здружение на граѓани, верски заедници, религиозни групи и фондации,
- средства од странски влади, меѓународни институции, органи и организации на странски држави и други странски лица,
- средства од претпријатија со мешовит капитал каде што е доминантен странскиот капитал и
- средства од неидентификувани извори.

2.9. Ако висината на донацијата е поголема од дозволената, организаторот на изборната кампања е должен во рок од пет дена од денот на добивањето на донацијата, разликата меѓу дозволената и донираната вредност да ја префрли во Буџетот на Република Северна Македонија.

2.10. Ако не може да се утврди потеклото на донацијата, учесникот изборната кампања е должен во рок од пет дена од денот на добивањето на донацијата донираната вредност да ја префрли во Буџетот на Република Северна Македонија.

2.11. Како донација се смета и:
- давањето бесплатни услуги на учесникот во изборната кампања;
- давањето услуги на учесникот во изборната кампања за кои плаќа трето лице и
- продажба на стоки или давање на услуги на учесникот на изборната кампања по цени пониски од пазарните.

**Евиденција на донациите**

2.12. Учесникот во изборната кампања за време на изборната кампања води регистар на донации со следниве податоци:
- името, односно називот на секој донатор поединечно,
- видот и вредноста на донацијата и
- датумот на добивање на донацијата.

**Расходи за финансирање на избори**

2.13. За исполнување на законските обврски на радиодифузерите, печатените медиуми и електронски медиуми (портали) во делот на објавувањето на платено политичко рекламирање, финансиски средства се обезбедуваат од средствата на Буџетот на Република Северна Македонија. Овие средства се наменети исклучиво за финансирање на радиодифузерите, печатените медиуми и електронски медиуми (портали) во делот на објавувањето на платено политичко рекламирање на учесниците во изборниот процес.

2.14. При финансирањето на изборната кампања, учесникот во изборната кампања може да потроши најмногу до 110 денари по запишан избирач во изборната единица, односно општината за која има поднесено листа на кандидати, односно листа на кандидат.

**Финансиски извештај**

2.15. Учесникот во изборната кампања е должен во рок од 20 дена од денот на настапување на предизборниот молк за првиот круг и вториот круг на гласање доколку се одржува, да поднесе извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите на трансакциската сметка за изборна кампања од денот на нејзиното отворање до завршувањето на првиот изборен круг.

2.16. Учесникот во изборната кампања е должен на единаесеттиот (11) ден од денот на изборната кампања, да поднесе Извештај со образец за примените донации на трансакциската сметка за финансирање на изборната кампања.

2.17. Учесникот во изборната кампања е должен еден ден по завршување на изборната кампања да достави Извештај со образец за примените донации на трансакциската сметка за финансирање на изборната кампања.

2.18. Учесникот во изборната кампања е должен еден ден пред одржување на вториот круг на гласање, да достави Извештај со образец за примените донации на трансакциската сметка за финансирање на изборната кампања.

2.19. Извештаите содржат податоци за име односно назив на донаторот, вид и вредност на донации, датум на добивање на донации и расходите за секоја донација и приходи и расходи за време на изборната кампања, како и податоци за донации примени од трети лица.

2.20. Извештаите се поднесуваат до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупцијата, кои се должни да ги објават на своите веб страници.

2.21. Финансиските извештаи на учесникот во изборната кампања е должен да ги изготви според одредбите на Законот за сметководството за непрофитни организации.

**Транспарентност и јавност на информациите**

2.22. Учесникот во изборната кампања е должен веднаш, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на затворање на трансакциска сметка да поднесе Вкупен финансиски извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите во изборната кампања.

2.23. Вкупниот финансиски извештај за локални избори 2021 се поднесува до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија, Државната комисија за спречување на корупцијата, Собрание на Република Северна Македонија и Советот на општината.

2.24. Вкупниот финансискиот извештај Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија Државната комисија за спречување на корупцијата и Советот на општината јавно ги објавуваат на своите веб страни.

## 3. ПРИХОДИ И РАСХОДИ

### 3.1. Приходи

#### 3.1.1. Приходи од Буџетот на Република Северна Македонија за платено политичко рекламирање

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 1.095 илјади денари и се однесува на средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за објавување на платено политичко рекламирање.
Имено, согласно член 76-д од Изборниот законик, за исполнување на законските обврски на радиодифузерите, печатените медиуми и електронски медиуми (портали) во делот на објавувањето на платено политичко рекламирање, финансиски средства се обезбедуваат од средствата на Буџетот на Република Северна Македонија.
Овие средства се наменети исклучиво за финансирање на радиодифузерите, печатените медиуми и електронски медиуми (портали) во делот на објавувањето на платено политичко рекламирање на учесниците во изборниот процес.
ДИК ги исплаќа трошоците за објавеното платено политичко рекламирање врз основа на потпишан договор за асигнација помеѓу ДИК, учесникот во изборната кампања и радиодифузерите/ печатените медиуми и електронските медиуми (интернет портали) како и доставената документација, и тоа: договор помеѓу учесникот во изборната кампања и радиодифузерот/ печатените медиуми и електронските медиуми (интернет портали), фактура со прилог, медиа план од учесникот во изборната кампања, Извештај за реализирани услуги изготвен од радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет портали). Покрај Извештај за реализирани услуги од радиодифузерите во прилог се доставува и Потврда на извештајот за реализирани услуги издадена од страна на АААВМУ, односно за печатените медиуми и електронските медиуми (интернет портали) примерок од објавите (принт скрин) во печатениот медиум и електронскиот медиум.

#### 3.1.2. Приходи од сметката за редовно работење

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 505 илјади денари и се однесува на пренесените средства од редовната на политичката партија на изборната сметка на коалицијата за потребите на изборната кампања.

## 3.2. Расходи

### 3.2.1. Пресметани расходи по основ на обврски за платено политичко рекламирање

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 1.095 илјади денари и се однесува на трошоци за објавување на платено политичко рекламирање на учесникот во изборниот процес од страна на радиодифузерите, печатените медиуми и електронски медиуми (портали).

### 3.2.2. Други материјални трошоци

Оваа позиција е проценета во висина од 26 илјади денари и се однесува на други плаќања поврзани со изборната кампања.

### 3.2.3. Потрошена електрична енергија

Изкажаните трошоци на оваа позиција во вкупен износ од 21 илјади денари и се однесуваат на расходи за потрошена електрична енергија за одржување на настани за потребите на изборната кампања.

### 3.2.4. Расходи за транспорт

Оваа позиција е проценета во висина од 80 илјади денари, а се однесува на расходи на извршени услуги за превоз на патници на повеќе релации

### 3.2.5. Издатоци за реклама и пропаганда

Искажаните трошоци на оваа позиција се во износ од 214 илјади денари, а се однесуваат на трошоци за набавка, печатење и изработка на рекламни и пропагандни материјали, закуп на простор за билборди, за наем и користење на јавен простор за потребите на изборната кампања како и трошоци за интернет претставување на политичката партија на социјалната мрежа Фејсбук.

### 3.2.6. Изнајмување на простор за време на изборната кампања

Оваа позиција е проценета на 98 илјади денари и се однесува на платени расходи за закуп на 6 простории за време на изборната кампања.

### 3.2.7. Расходи за одржување на предизборни собири

Оваа позиција е проценета во висина од 60 илјади денари и се однесува на трошоци за изнајмување на, изнајмување на сали и опрема.

### 3.2.8. Провизии за платен промет и надоместоци за банкарски услуги

Оваа позиција е проценета во висина од 5 илјади денари и се однесува на расходи за банкарска провизија.

### 3.2.9. Пренесени парични средства на основната трансакциска сметка на политичката партија од трансакциската сметка на изборна кампања

Оваа позиција е проценета во висина од 1 илјада денари и се однесува на поврат на средства од изборната сметка на коалицијата на сметката за редовно работење на политичката партија.